**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Стратешките тужби против учество на јавноста (SLAPP) се шамар за граѓаните и за јавниот интерес |
| Поддржано од | UNESCO’s Global Media Defence Fund (GMDF) |
| Програма | Global Campaign for Media Freedom and the UN Plan of Action on the Safety of Journalists and the Issue of Impunity |
| Улога на ЗНМ | Носител на проектот |
| Вкупен буџет | USD 36,880 |
| Грант од донаторот: | USD 35,000 |
| Период на реализација | 1 мај, 2023 – 30 април, 2024 |
| Територија | Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Притисокот врз новинарите не се врши секогаш директно преку физички напади и експлицитни вербални закани. Често медиумските работници доживуваат други форми на попрефинети притисоци во форма на тужби и други административни закани кои не служат за задоволување на правдата, туку за изложување на новинарите на економски и емоционален притисок. Целта на стратешките тужби против учество на јавноста (SLAPP) е токму тоа, особено кога тужителот е моќен политичар или стопанственик. Новинарите не се секогаш свесни дека се предмет на притисок кога се поднесуваат тужби против нив, но тоа сепак влијае на зголемувањето на самоцензурата. Дополнително, во Северна Македонија, со оглед на нискиот економски стандард во медиумската заедница и немањето правни застапници во самиот медиум каде работат, новинарите честопати се оставаат сами да ги бранат своите права на суд. |
| Цел | Целта на проектот е да придонесе кон подигнување на свеста за ризикот што го имаат стратешките тужби против учество на јавноста (SLAPP) за слободата на изразување, преку превентивни алатки кои ги ќе едуцираат засегнатите страни. Во однос на образовната компонента, предвидено е преку заедничка работа да се изготват конкретни насоки кои ќе го дефинираат овој вид тужби во локален контекст и потенцијалните последици кои можат да произлезат, не само за правото на слобода на изразување, туку и за правото на информирање. Со јавно говорење за предизвиците поврзани стратешките тужби против учество на јавноста дополнително ќе придонесе кон будното следење на негативните последици од нив врз јавниот интерес и правото на граѓаните да бидат информирани. |
| Целни групи | Новинари и медиумски работници, медиумска заедница, релевантни институции (Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, |

| | |
|---|---|
| | како надлежна институција за медиумскиот сектор), правосудни институции, општата јавност во Северна Македонија |
| Очекувани резултати | - Ажуриран и јавно достапен регистар на напади врз новинари, дополнет со податоци за случаи на стратешки тужби;<br>- Јавни реакции со барање институционална реакција во ситуации кога се повредени правата на новинарите;<br>- Правна помош на новинари во ризик<br>- Зголемена свест кај новинарите за негативните последици од стратешките тужби врз слободата на изразување |
| Носечки активности | Проектните активности се поделени во 3 групи, од кои секој води кон одреден проектен резултат.<br>А1: Следење, документирање и јавно разоткривање на случаи на закани и/или напади врз новинари во Северна Македонија како средство за привлекување на вниманието на јавноста и релевантните национални власти за овие случаи<br>А2: Обезбедување правна помош на загрозени или нападнати новинари, со цел да им се помогне во нивната правна одбрана и да се заштитат нивните човекови и професионални права<br>А3: Активности за видливост со цел подобро разбирањето од страна на клучните чинители (обвинителството, судството и државните службеници) за последиците од Стратешките тужби против учеството на јавноста (SLAPP), кои, кога се иницирани од политичари и носители на јавни функции, предизвикуваат страв и само- цензура кај новинарите, а со тоа негативно влијае на правото на граѓаните да бидат информирани |
| Лого (на донаторот) | UNESCO |